Бојана

# Книга подарок

за посебна дама како тебе



© Бојана, 2017
Сите права се задржани.
© Антолог, Скопје, 2017
(второ издание)

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-82

БОЈАНА

Книга подарок за посебна ДАМА како тебе / Бојана. - Скопје : Антолог, 2017. - 48 стр. ; 20 см (Библиотека МК сликовници ; кн. 4)

ISBN 978-608-243-073-7

COBISS.MK-ID 102699530

подарок за

**ДАМАТА**

*што е посебна за мене,*

**МАЈКАТА**

*што знае да дава неизмерно љубов,*
*разбирање и почит*

**ЖЕНАТА**

*што јас ја почитувам и на која*
*ѝ ја подарувам и посветувам оваа книга!*





од

---

до

---

*Авторката ѝ ја посветува оваа книга на својата мајка.*



# ЖЕНАТА ШТО ЗНАЕ „ДА СЕ НОСИ“ КАКО ДАМА

Кај жената,
ќе ја запознаеш љубовта
во нејзините очи,
ќе ја запознаеш топлината
кога тие светат и се насмеани.







*

ЖЕНАТА ИМА СИЛНА ВОЛЈА.
Кога нешто силно сака,
од кое е исто така силно сакана,
го брани и чува со целото срце.

*

Ќе ја препознаеш, се бори како лавица,
за нејзиното најмило, најсакано нешто.

**НЕЈЗИНОТО ДЕТЕ.
НЕЈЗИНАТА ЉУБОВ.**

*

Убавината на жената
не можеш да не ја забележиш,
кога таа ќе се насмее
толку искрено.



*

## ВОСХИТОТ КОН ЖЕНАТА

не е само поради нејзината убавина,
нејзината нежност,
туку и поради нејзината храброст,
која толку силно и моќно зрачи
додека се движи со своите
грациозни чекори.





*

## СЕКОЈА ЖЕНА Е УБАВА,

секоја жена е различно цвеќе,
само мириса на различен начин,
сепак убав.
Расте и созрева на различен начин,
сепак созрева, а тогаш е најубава.



*

Жената може повеќе работи да заврши истовремено, дури ни самата таа не верува дека навистина толку многу може.

ЗАТОА Е ЖЕНА ХЕРОЈ.

*

Погледни ѝ ги очите и ќе знаеш
дали е заљубена.



*

Има нешто посебно привлечно кога
жената созрева, нешто неодоливо во
врска со неа.

Не само физички, туку внатрешно како од
неа да извикува некој поубав, посигурен
глас, полн со самодоверба и знаење.

Нејзините рамена се подготвени за
поголем товар, кој знае и умее сама да го
носи, а притоа да не се пожали.

Знае сама да се соочува со своите
проблеми, а не се плаши да побара помош
кога ѝ е потребна.

ТОА Е ТАА ЖЕНА.



*

Жената има свои мисли, свои грижи.
Секој има.

Тие мисли и грижи не штетат никому, тие се само нејзини, во нејзината глава, душа.

И таа знае дека понекогаш е во ред да сочува некои само за себе.

Жената „ЈАС“ не дозволува никој да ѝ го одземе тоа право.



*

Повеќето жени ја имаат таа сила
да се заморуваат за работи за кои нема
потреба, кои утре нема да бидат важни.

Тие се свесни за таа ситуација, но
интересно е што пак продолжуваат.

Додека не се изморат или не најдат друга
неважна ситуација.



*

Комплетноста кај жената ја прави
убавината во нејзината душа:

Таа е голема, чиста, помага
и не бара ништо за возврат.

Но дозволува да ѝ се помогне.

Дава љубов и разбирање
и не се плаши да се заљуби.

Но внимава и никогаш не дозволува
да се изгуби себеси.



*

Жената не мора да има убави усни
за да биде убава,

доволно е да се насмее убаво и искрено.

Жената не мора да има тело со совршени
пропорции за да биде згодна.

Доволно е да се грижи за себе колку што
може, за да изгледа здраво, среќно и
задоволно.

Бидејќи кога е задоволна од себе,
тогаш е најубава.



*

Вистинската жена не се плаши да се расплаче кога ѝ е тешко,

не се плаши да го сподели својот страв со тој што треба,

не се грижи дали ќе биде осудувана за својот став за кој цврсто се држи.

Знае дека искреноста била многупати најдобар одговор за сè.

Исто како и времето.



*

Храбрата жена има свои цели и знае дека за нив треба да има план.

Не се откажува кога ќе тргне по патот кон нив. Ќе заплаче доколку ја здоболи, но нема да застане.

Ќе продолжи трагајќи по насмевката.



*

Жената навистина знае толку добро да се подготвува и да се дотерува за својата љубов,

А ТОЈ ПОВТОРНО И ПОВТОРНО ДА СЕ ЗАЉУБУВА ВО НЕА.

Доволно е што сето тоа го филува со погледот во кој тој бил привлечен и насмевката во која се заљубил.



*

Жената најмногу се заљубува во
начинот на кој е третирана
од машката страна.

Тој начин, богат и одржуван
со љубов, разбирање, почит и
страст е пресуден за нејзиното
срце да го прогласи својот
вистински избраник.

*

Повеќето жени сакаат да слушнат дека сè ќе биде во ред.

Сите сакаат да го слушнат тоа кога им е потребно.

Но потребата на жената, како посебно, нежно и чувствително суштество, е неспоредлива со ниту една друга форма на утеха што би можела да ја добие во тој момент.

Ништо друго не би било доволно мерливо со прегратката што ја добива од вистинската личност и таа вистинска реченица што за миг може да ја успокои и да ја смири.

*

СОБИРАНКАТА СО ПРИЈАТЕЛКИТЕ,

на омиленото место со омилената храна и пијалак, разговорот за многуте теми што никогаш немаат крај, е неверојатна терапија за жените. И повеќето жени би ја одбрале пред шопингот.



*

Интересно е како жената понекогаш знае да биде снаодлива повеќе и отколку што сама некогаш би се замислила.

Во моментите кога е во „густо“ или во гужва од која сака што побргу да излезе, одеднаш може да дојде до неверојатна идеја и решение.

СНАОДЛИВА, ХРАБРА И СЕКОГАШ ДОСЕТЛИВА.

Кога жената не може да пронајде начин, тогаш го измислува.

*

ЖЕНАТА МОЖЕ ДА БИДЕ НЕВЕРОЈАТНО ДОБАР ЛИДЕР.

Да биде пример и инспирација за другите, да биде доволно „строга“ кога треба да биде, а да ги зачува добрината и разбирањето што ги има во себе.

Знае да го постигне балансот што е потребен.



*

Кога ти се допаѓа како ѝ стојат облеката или фризурата или ќе забележиш некоја убава промена на неа, кажи ѝ го тоа, без размислување кажи ѝ што мислиш и што ти се допаѓа.

СЕКОМУ МУ ГОДИ КОМПЛИМЕНТОТ,
А НА ЖЕНАТА ОСОБЕНО.

*

Не критикувај ја за многуте парчиња облека и накит што ги има, полните несесери со шминка, чевлите во различна боја, дури и доколку ги има повеќе во истата боја.

Тоа не се истите чевли, истата облека или истиот накит.

*

Жените знаат да ги прават најдобрите
и најкреативните изненадувања.

*

Жената го знае тоа чувство
како е да си најубав и најзгоден
кога си заљубен.



*

На жената, колку и да е силна
и да умее сама да се бори,
понекогаш ѝ е потребна
вистинска потпора за да се
поткрепи во моментите кога не
може или не сака сама.

*

ЖЕНАТА ЗНАЕ КОЛКУ СЕ
ВАЖНИ ПРИЈАТЕЛИТЕ
ВО ЖИВОТОТ. ЗАТОА, ГИ
НЕГУВА И СЕ ГРИЖИ ЗА НИВ.





# КОГА ЖЕНАТА Е МАЈКА

*Посебни стихови*

*за мајката најдобра во сè!*

Мајката е единствениот вистински пријател за кого знаете дека вешто ќе ја чува вашата тајна и кој ќе биде вашата потпора без разлика на сè. Ќе ве насочи и ќе ве советува кога грешите, но нема да направи поради таа грешка да се чувствувате уште полошо. Напротив.

*

Се сеќавам кога мајка ми ми рече
дека не ѝ се јаде благо, кога имаше
останато само уште две коцки
од нашата омилена чоколада.

*

Мајката е секогаш со своето дете.
Секаде, во секое време.

Без разлика дали е физички присутна
или не, таа го чувствува своето дете, го
следи без да оди по неговите чекори,
знае кога е во неволја, а кога е радосно.

Мајките знаат бидејќи се дел од своите
деца, бидејќи децата се дел од нив.

*

Понекогаш доаѓаат моментите и кога децата се однесуваат заштитнички кон своите мајки.

Тоа е таа љубов, грижа, која не се мери со ништо, која вреди да се споменува и да се доживува!

ЉУБОВТА ПОМЕЃУ МАЈКАТА И ДЕТЕТО.





*

Мајките се вистински борци.
Затоа, мајко, благодарам
за секоја борба за мојата среќа,
мојата насмевка и мојот спокој!

Прегрнувајте ги своите мајки
и кога сте возрасни.

Нема поголема радост и топлина од тоа
кога - мајката е прегрната од своето
дете!

Тоа ја топли нејзината душа,
нејзиното срце.

ПОДАРЕТЕ БЕЗБРОЈ ПРЕГРАТКИ.

*

Мајката има таква моќ да направи да
се чувствуваш спокојно кога спокој ти е
потребен најмногу, а го немаш,
да се појави кога си најосамен, да те
смири кога си најнемирен,
да те стопли кога ти е најстудено.

*

Ниедно кафе не може да го замени
кафето испиено со мајката, на вашето
омилено место, кое како катче го чувате
само за себе, далеку од другите.
Никој да не ви пречи.



*

Не може да се опише среќата
на мајката кога нејзиното дете е
насмеано.

Не може да се опише среќата на
детето кога неговата мајка му дарува
насмевка, радост, разбирање и љубов.

*

Мајката е секогаш тука кога ти треба
помош за шопинг. Колку и да ѝ е
тешко, таа на крајот ќе се одлучи да ти
помогне во изборот кога толку убаво ќе
ја замолиш и ќе ја повикаш.

БИДЕЈЌИ Е ЕДНА И ЕДИНСТВЕНА.

*

Кога ја споделуваш радосната вест со својата мајка, тогаш ги добиваш најискрената честитка, најискрената насмевка и радоста што е уште поголема од твојата.

*

Велат секое дете најмногу го сака јадењето на својата мајка. Во тоа потполно се согласувам. Тоа не е обично јадење, тоа е јадење полно со љубов. Затоа е толку вкусно.

*

Кога детето сака да се исплаче наглас, не избира личност пред која би можело тоа да го направи.

Знае дека тоа го може најдобро и најискрено пред својата мајка и во нејзината прегратка.

*

МАЈКАТА Е ТАА ШТО ЌЕ ЈА КАЖЕ ВИСТИНАТА,
НО НА НАЧИН ШТО НЕМА ДА БОЛИ.

*

Најубавиот и најскапоцениот мирис –
мирисот на МАЈКА.



# НАЈУБАВИТЕ СОВЕТИ ШТО МОЖЕ ДА ГИ СПОДЕЛИТЕ СО ЕДНА ДАМА

- Носи ја насмевката со себе бидејќи насмевката ти стои најдобро.
- Биди подготвена за убавите работи што следуваат бидејќи навистина следуваат.
- Биди горда со себе. Има премногу причини за тоа.
- Биди свесна за своите доблести и за својата убавина. Бидејќи ги имаш.
- Подај рака и разбирање за блискиот. Бидејќи тоа го правиш, само продолжи така.



- Започнувај го и завршувај го денот благодарна за сето тоа што го имаш. Бидејќи го имаш и имаш многу причини за благодарност.

- Не дозволувај да те премислат ако во нешто си сигурна, цврсто веруваш и посакуваш.

- Прекинувај ги лошите мисли со оние добрите, кои ти се случуваат или посакуваш да ти се случат. Кои не ти создаваат непотребен стрес, туку напротив, те опуштаат.

- Придонесувај за своето физичко и ментално здравје.

- Посвети си време себеси кога ти е потребно, на начинот на кој ти уживаш.

- Верувај во себе и во својата моќ. Моќта и слободата во тоа да ги доживееш најубаво и наједноставните мали работи во секојдневието.
- Не правдај се ако мислиш дека нема потреба за тоа.
- Стравот? Кому му донел нешто добро? Никому! Не давај му простор ни да проба да се всели кај тебе.
- Да, може да биде остварливо, доколку вистински веруваш во него и го посакуваш.
- Побарај помош кога ти е навистина потребна. Некогаш не можеме со сè да се соочиме самите. Една поддршка може да направи многу за нас.


love

# ПРИКАЗНА
# ЗА ЉУБОВТА
# КОН ЕДНА ЖЕНА

Таа вечер ни беше судено да се заљубиме. Срцето ми бараше да ја поканам да се видиме, да ја запознаам подобро како личност. Ме интересираше како зборува кога раскажува, како ме гледа кога сака да одговори на моите прашања. Малку бев возбуден, имав трема, но едвај ја чекав нашата средба.

*Многупати ја замислував, дури и ја сонував.*

Се сеќавам, ја осветли темната вечер со својата блага насмевка и со крупните очи, кога се движеше кон мене. Се движеше со стил. Ми рече: „Здраво, како си?“ А мене срцето во петици. Ѝ возвратив на поздравот, трудејќи се да не ме издаде тремата, тоа не беше вообичаено за мене. Ја прашав дали би сакала да прошетаме или да седнеме во кафулето пред кое се чекавме. Рече дека сака да седнеме, била жедна. Беше топло и убаво време, а кафулето беше пријатно за седење.



Ја почувствував и нејзината трема кога ја испи водата за пет секунди и ја нарача втората, а потоа и третата. Навистина била жедна, си помислив.

Во кафулето таа вечер секој можеше, ако ја погледнеше, да ја забележи таа убава жена, како пие вода со едно момче што не може да престане да ја гледа, кое на моменти ја спушташе главата надолу за да направи пауза, веднаш штом ќе помислеше дека не е пристојно толку долго да гледа во една личност, некако некултурно, непријатно за другата личност можеби...



Во текот на нашиот разговор, тремата сè уште беше присутна, но беше помала. Нормално дека ја имаше, што ли очекував? Дека ќе бидам како со другите жени пред неа? Ова беше посебно, затоа срцето ми биеше, на моменти се препотував, но ми беше пријатно, интересна комбинација на пријатно чувство и физички знаци што се резултат на трема, страв дека можеби ќе се случи нешто што тука би завршило сè. Сакав да продолжам да го гледам тоа лице и понатаму.

Колку само беше нежна, ранлива, а толку претставителна, горда. Тенот ѝ беше совршен, за мене.

Дури и посакав да ја погалам нежно по лицето, да го почувствувам. Секако, не го направив тоа.



Ми се допаѓаше кога ќе ѝ заруменеа образите кога ќе се засрамеше, беше по малку срамежлива, но потоа се опушти со текот на разговорот. И јас исто. Потоа, дојдоа до израз и нејзината женственост, и нејзината добра душа, која веднаш ја препознав и која не можеш да не ја почувствуваш кога ќе ги погледнеш тие крупни, сјајни, кафени очи. Тие трепки сѐ уште ми се во секоја слика со неа што ја создавам во главата.

Таа вечер, јас бев маѓепсан од една убава и паметна жена, која не се плаши да го каже своето мислење. Жена што пристојно беше облечена, а беше толку привлечна. Се разделивме пријателски, но јас веќе бев освоен.

Секој маж е различно освоен. Јас бев освоен од жена што не се плаши да сака. Тоа го тврдам бидејќи оттогаш повторувам многу такви осветлени вечери со неа. Јас ги викам магични вечери. Бидејќи, за мене, таа е магична. Таа е жената од која нема никогаш да ти се здосади, која те почитува како личност, ти дава да бидеш своја личност, а всушност те инспирира да бидеш подобар за себе, подобар и за другите.

Таа е жената што ја сакам таква каква што е.

Сѐ уште ја гледам таа добра душа низ нејзините насмеани очи кога ќе ме погледне.

Додека ме гледа така,

ЈАС СУМ СРЕЌЕН ЧОВЕК.



# ОД МЕНЕ – ЗА ТЕБЕ

*Особина што најмногу ја сакам и почитувам кај тебе*

*Со тебе секогаш паметам*

*Од твојата облека најмногу ми се допаѓа како ти стои*

*Боја што најубаво ти стои е*

*Местото на кое најубаво си поминувам со тебе е*

*Мото што ме потсетува на тебе е*

*Најдобар совет добиен од тебе ми е*

*Име што мислам дека добро би ти стоело, покрај твоето, е*

*Со тебе би го посетил/а овој град*




БИБЛИОТЕКА

книга 4

Скопје, април 2017

Главен уредник Жарко Кујунџиски
Одговорен уредник Валентина Кујунџиска
Графичко уредување и дизајн Ана Андроска
Лектура Кристина Велевска

Издава Антолог
ул. „Ѓорѓи Пулевски“ бр. 29 лок. 1, Скопје
тел. / факс (02) 3201 007 contact@antolog.mk
Жиро сметка 300000003674784 „Комерцијална банка“ а.д. Скопје
ЕДБ 4080014541495
Печатница Графоден ул. „Горно Лисиче“ 69, Скопје

Тираж 200

Printed in Republic of Macedonia

Еден од најубавите подароци
за секоја жена.
Мајка, сестра, ќерка, љубена, сопруга.
Секоја жена вреди да ја добие
оваа мала книга на подарок.

МАЛА, А ТОЛКУ ГОЛЕМА.

ИСТО КАКО И ЖЕНСКОТО СРЦЕ.

Мала по обем, но голема со зборови
што значат љубов, големина, сила,
посебност, убавина,
кои ги поседува
секоја жена.

I SBN 608243073- 5

Антолог

www.antolog.mk

Зависни од книги